# УСОГЛАСУВАЊЕ И ПРИЛАГОДУВАЊЕ

# НА КУЌНИОТ РЕД

# НА ООУ„ДРАГА СТОЈАНОВСКА“ С.РАКОТИНЦИ-СОПИШТЕ

# ВО УСЛОВИ НА КОВИД-19 СПОРЕД

# ПЛАНОТ И ПРОТОКОЛОТ

# ЗА НАСТАВА

# ЗА УЧЕБНАТА 2020/2021 ГОДИНА

Општи одредби:

Ова усогласување и прилагодување се донесува по препорака на Министерство за образование и наука (МОН) и Комисијата за заразни болести, а земајќи ги предвид основните човекови права: право на образование и право на здравје.

Ова усогласување и прилагодување  го регулира однесувањето на учениците, наставниците и родителите / старателите во училиштето и училишниот двор за време на наставната година 2020/2021, во услови на пандемија со вирусот КОВИД-19.

Воспитно-образовниот процес се реализира согласно Календарот за организација и работа на училиштата, според скратена наставна програма согласно Наставниот план за учебната 2020/2021 година, во група до 20 ученици (во училница со стандардна големина) и физичка дистанца меѓу учениците од најмалку 1.5 метри, како и со задолжително почитување на Протоколот за настава со физичко присуство.

Усогласувањето  ги опфаќа наставата со физичко присуство и наставата на далечина.

Наставниот час трае 30 минути во наставата со физичко присуство или 30 минути час со 5 минути приклучување за наставата со учење на далечина.

По одредени наставни предмети, наставните часови се спојуваат во блок часови, со присуство на еден предметен наставник, со цел да се оптимизира престојот на наставникот и учениците во просторијата.

Реализацијата на наставата, отсуствата на учениците се евидентира во е-дневник и во дневникот на паралелката.

Наставниците во училиштето доаѓаат најмалку 15 минути пред отпочнување на наставата и учествуваат во организирањето и спроведувањето на влегувањето на учениците согласно распоредот на часови, донесените протоколи.

Училиштето се отвара во 7 часот. Наставата почнува во 07:50 часот. Наставата завршува со завршување на часовите кој се по распоред во наставниот ден.

Училиштето согласно просторните можности ја организира наставата во смени.

Во прилог распоред за започнување и завршување на наставата за сите училишта.

Училиштето воведува систем за еднонасочно движење на учениците низ просториите и ограничување на бројот на лица кои истовремено се присутни во соблекувалните и контролирано излегување и влегување во соблекувалните.

Конкретни одредби:

А). За учениците

- Првиот ден од наставата започнува со упатства за учениците за тоа како правилно и безбедно да се однесуваат, да одржуваат физичко растојание, хигиена на рацете и заштита на сопственото здравје, но и здравјето на останатите ученици и вработените во училиштето.

- Учениците доаѓаат и одат сами на училиште или во придружба на родител/старател/образовен/личен асистент со организиран или јавен превоз.
- Учениците на училиште тргнуваат со:
    - Измерена температура од страна на родител. Температурата не смее да преминува 37°С (колку што изнесува границата на инструментот).
    - Заштитна маска или покривка за лице (да ги покрива устата и носот) и лично средтво за дезинфекција.
    - Спакуван оброк и подлога за јадење. Секој ученик да има сопствено шише со вода.
    - Училишна торба со потребниот училишен материјал според тековниот распоред. Учениците нема да си позајмуваат било каков училишен материјал или прибор. Учениците од одделенска настава училишните торби секојдневно ги носат и ги враќаат од училиште.
- Во училишниот двор учениците задолжително ја почитуваат мерката за физичката дистанца од најмалку 1,5 метри. Да се движат кон влезовите следејќи ги ознаките за движење и стоење.
- Се забранува поздравување со физички контакт меѓу учениците и учениците и наставниците.
- Се забранува групирање на ученици во училишниот двор и училишната зграда.
- По влегувањето во училишната зграда учениците се движат тивко, полека и без трчање, кон определената училница за нивната паралелка.
- Во училницата седнуваат на точно определените места за седење. До завршување на наставниот ден учениците седат на истото место.
- Ученикот го напушта своето место на седење само со дозвола на наставник (за извршување физиолошка потреба, миење раце пред оброк и слично).
- Учениците ги мијат рацете пред и по јадење, пред и по употреба на тоалет, пред и по доаѓање од надвор и кога рацете изгледаат валкани.
- Учениците оброкот го конзумираат во училницата во која реализираат настава и само тогаш им е дозволено да ја отстранат маската, односно прекривката од лицето, но без да го напуштат местото на седење.
- Преминувањето низ заедничките простории се организира така што додека учениците и наставниците од една паралелка поминуваат во исто време, учениците и наставниците од другите паралелки го чекаат својот ред, притоа учениците да не допираат површини или предмети во просторот каде се движат.
- За учениците со посебни образовни потреби, образовниот или личниот асистент кој се вклучува во паралелката, се придржува на Протоколот за настава со физичко присуство, поттикнува физичка дистанца помеѓу ученик-ученик и наставник-ученик и помага во одржување на хигиената на ученикот.
- Учениците задолжително го почитуваат времето на започнување и завршување на наставата, за да се избегне нарушување на реализацијата на наставата.

- Учениците не смеат да го оневозможуваат текот на часот со својот наодговорен и недисциплиниран однос.
- Учениците се должни да си ги чуваат своите лични работи. Училиштето не е должно да ги надоместува штетите за изгубените работи.
- Сите ученици се должни да го почитуваат и одржуваат редот и хигиената во училницата, ходниците, санитарните простории и училишниот двор.
- Забрането е пишување и оштетување на училишните клупи, столчиња, ѕидови и останатиот училишен инвентар. Исто така учениците не треба да оставаат отпадоци под клупите, по подот, ходниците и останатите простории, освен во соодветни корпи за отпадоци.
- Чувањето на училишниот имот е должност на секој ученик. Секоја штета која ја предизвикуваат учениците, мора парично да се надомести. Направената штета веднаш треба да се пријави од страна на дежурниот ученик на одделенскиот раководител на паралелката, на училишниот домаќин или хаусмајсорот.

Б). За наставниците

- Наставниците се должни да го почитуваат сопствениот распоред за работно време и училишниот распоред.
- За контролиран влез и излез во/од училиштето, пред и внатре во училиштето, се организира редарска служба, со цел спроведување на редот и одржување на потребното растојание меѓу учениците од минимум 1,5 метар и тоа редари и во училишниот двор. Редарите се ангажираат од редот на наставниците.
- На секој влез од училиштето учениците ги пречекува дежурен наставник, кој се грижи ученикот да ги дезинфицира обувките и рацете, односно му помага на ученикот да ги дезинфицира рацете со дезинфекционо средство.
- Вработените во училиштето, при влегување во училиште, за време на престојот во училиште и за време на наставата задолжително ја почитуваат мерката за физичка дистанца од најмалку 1,5 метар и носат заштитна маска/покривка на лице, освен кога се на отворено во училишниот двор со одржување на препорачаната дистанца.
- Вработените при влезот во училиште задолжително ги дезинфицираат обувките и рацете.
- На сите вработени им се мери телесна температура пред влезот на училиштето со безконтактен топломер и во случај на зголемена температура (над 37°C) вработениот се упатува кај матичен лекар.
- Наставниците треба да избегнуваат подолго да се задржуваат во наставничката канцеларија.
- Наставниците за време на паузите ги запазуваат мерките за дистанца и носење маска.
- За време на наставата и одморите, со учениците задолжително е присутен класниот раководител/наставник и се грижи за почитување на физичка дистанца меѓу учениците.

- Наставниците имаат обврска да им ја пружат на учениците, кои имаат прашања, потребната поддршка за да ги разберат мерките за нивна заштита.
- Доколку има отсутни наставници, дежурните наставници и педагошко-психолошката служба ја организираат наставата и воспоставуваат ред заради непречен тек на наставата.
- Вработените во училиштето имаат обврска да доаѓаат пристојно облечени, почитувајќи го кодексот на професионално облекување.
- Доколку во училиштето се појави заболен од КОВИД-19 или лице кое имало контакт со лице заболено од КОВИД-19, лицето се изолира во посебна просторија со задолжително носење на заштитна маска/прекривка, а директорот воспоставува комуникација со Центарот за јавно здравје за добивање на понатамошни насоки за постапување. За преземените активности училиштето доставува извештај до општината, а општината до Министерството за образование и наука.
- Ако ученик развие симптоми на КОВИД-19 додека е во училиште, наставникот/стручниот соработник го изолира ученикот во посебна просторија со задолжително носење на заштитна маска/прекривка и веднаш ги известува родителите/старателите, кои во најкраток временски период треба да го земат детето со цел консултација и натамошни активности со матичниот лекар на ученикот.
- Доколку се потврди дека ученик е заболен од КОВИД - 19, се известува епидемиолошката служба во Центарот за јавно здравје која итно треба да направи анкета со наставниците и учениците за проценка на степенот на ризик врз основа на контактите кои ги имале.

В). За родителите / старателите

- Родителите/старателите ги испраќаат учениците до назначениот влез во училишниот двор и се забранува нивно влегување во училишната зграда, освен за родителите/старателите/образовните асистенти на учениците со посебни образовни потреби со задолжително носење на маска/прекривка на лицето.
- Родителите / старателите да го избегнуваат секое непотребно задржување во училишниот двор.
- Родителите (старателите) се должни да го следат успехот и поведението на ученикот со воспоставување редовни контакти со раководителот на паралелката, по потреба и со предметниот наставник, со стручните соработници во училиштето.
- Пренесувањето на информациите и состаноците со родителите/старателите се одвива преку телефон или преку некоја онлајн апликација која што ќе ја договорат родителите и наставниците.
- Должност на родителот е да ги подмири обврските кон училиштето (осигурување, топол оброк, ужина и друго).

Изготвиле

Стручна служба　　　　　　　　　　　　　　　　　　Директор

м-р Јасмина Паметковска